Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
31.07, 2025

**АРХИВСКИ БРОЈ:** 04- 8904/44

Врз основа на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# О Д Л У К А

## За невршење на избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за буџетска контрола во Одделение за буџетска контрола- Сектор за финансиски прашања

1. За работното место број 13: **УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за буџетска контрола во Одделение за буџетска контрола- Сектор за финансиски прашања** при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.**

2. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-8904/22 од 24.07.2025 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 03/2025 објавен на 07.07.2025 на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, за работното место број 13 од огласот, на ден 29.07.2025 година спроведе административна селекција за горенаведеното работно место и утврди дека нема пријавен кандидат, кој факт е констатиран во Записникот од административна селекција за интерен оглас, број 04-8904/23 од 29.07.2025 година.

Од причина што за горенаведеното работно место нема кандидат кој се квалификува за унапредување, не се врши избор и Државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015